јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrja publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 03-14/20
02 -03- 2022
20___ год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за производство трговија на големо и мало и услуги МАР-САЖ Ташко ДООЕЛ извоз-увоз
Бр. 03-10/2/1
28. 02. 2022 год
Скопје

# ДОГОВОР

**1. ЈП " Национални шуми" п.о. Скопје, ул. "Перо Наков" бр.128 Скопје** со жиро сметка број 200000026783244, даночен број 4030998338949-Депонент Стопанска банка АД Скопје, претставувано од. Директорот Јулиана Николова, во понатамошниот текст: **/Договорен орган/** и

**2. МАР-САЖ ТАШКО" ДООЕЛ** Ул: К.Ј.Питу бр. 28-3 лок. 18 1000 Скопје Поштенски фах.860 со жиро сметка број 320000000045887, даночен број 4030992194120 Депонент Централна Кооперативна Банка, Матичен број: **4497635** претставувано од управителот Вангелица Качакова во понатамошниот текст: **/Носител на набавката/**

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на **Услуги - Вкоричување на посебни планови за стопанисување со шуми и посебни ловностопански основи,** за потребите на Сектор за уредување на шуми, ловишта и проектирање при ЈП " Национални шуми" Скопје по техничка спецификација дадена во ТД, преку испораки според условите утврдени во постапка со набавка од мала вредност бр.01079/2022 и прифатената понуда на економскиот оператор **МАР-САЖ ТАШКО" ДООЕЛ.**

## II ЦЕНА

Член 2

Вкупната цена за набавка на услуги од член 1 предмет на овој договор изнесува **205.640,00** денари без ДДВ или **242.655,00** денари со ДДВ согласно прифатената понуда – листа на цени по спроведена е-аукција која е прилог на овој договор.
Договорот не го обврзува договорниот орган да ја изврши целокупната набавка.

## III. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорните страни се согласни плаќањето на цената од член 2 од овој договор да се изврши на следниот начин: вирмански , во рок од 30 дена од денот на извршување на услугата - доставување на фактура со прилог испратница.

Носителот на набавката фактурите заедно со испратниците уредно потпишани од двете страни во два комплета ги доставува во дирекција на адреса ЈП " Национални шуми" Скопје, Бул.Климент Охридски бр.68 Скопје.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да:

- Изврши услуга - Вкоричување на посебни планови за стопанисување со шуми и посебни ловностопански основи, за потребите на Сектор за уредување на шуми, ловишта и проектирање при ЈП "Национални шуми" Скопје по техничка спецификација дадена во ТД.
- Понудувачот е должен материјалот за коричење да го подигне од Секторот за Уредување на шуми, ловишта и проектирање, при ЈП "Национални шуми" и по завршената работа повторно да го достави до Секторот;
- се придржува до крајниот рок за доставување на предметот на набавката;
- извршувањето на набавката да одговара на општо прифатените норми, стандарди и гаранции за овој вид на услуги;

## V. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

член 5

Како гаранција за навремено и квалитетно извршување на превземените обврски согласно одредбите од овој Договор, Носителот на набавката доставува банкарска гаранција во висина од 10% од вредноста на договорот со важност до целосно извршување на договорот. За овој вид на набавка истата е со важност од една година и 14 дена од склучување на договорот.

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена по извршување на договорот.

## VI. КВАЛИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 6

Квалитативен прием врши овластено лице на договорниот орган по документ потпишан од двете страни. Договорниот орган го задржува правото на рекламација при приемот на целокупната документација за извршувањето на набавката.

## VII. РОК НА ИСПОРАКА

Член 7

Договорните страни се согласни реализацијата на обврските кои произлегуваат од овој договор да ја врши сукцесивно по потреба, за време на важноста на договорот, по доставена спецификација - нарачка од лице овластено од страна на Договорниот орган.

Понудувачот е должен материјалот за коричење да го подигне од Секторот за Уредување на шуми, ловишта и проектирање, при ЈП "Национални шуми" и по завршената работа повторно да го достави до Секторот.

Рокот на извршување на услугата да не е подолго од **5 дена** од доставување на порачката во текот на важноста на договорот.

Член 8

Договорните страни се согласни во случај Носителот на набавката да не ги изврши услугите во рокот определен во член 7 од овој договор, истиот е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определна со член 3 од овој договор, за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

Член 9

Договорниот орган е овластен да го раскине Договорот доколку носителот на набавката изврши промена на понудената цена, не се придржува согласно членовите 4 и 7 или некој друг битен елемент од наведената понуда.

Раскинувањето на договорот се врши со претходна најава во рок кој не може да биде пократок од 15 дена.

Доколку договорот ќе се раскине пред истекот на важноста или пред исполнувањето на обврските по вина на носителот на набавката, договорниот орган ќе постапи согласно ЗЈН.

Носителот на набавката е одговорен за направена штета доколку при раскинување на договорот допринесе до нарушување на текот на производството или друга штета кај договорниот орган

## VIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 10

Договорот се склучува на одредено време за период од една година од денот на склучувањето или до извршување на вредноста на договорот.

За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување ќе се применува Законот за облигационите односи

Член 11

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Член 12

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни, согласно позитивните законски прописи во Република С.Македонија, како и Законот за јавни набавки.

Член 13

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 14

Овој Договор е составен во 3 (три) еднакви примероци, од кои 2 примероци задржува договорниот орган, а 1 примерок е за носителот на набавката.

Договорен орган,
**ЈП " Национални шуми" Скопје**
Директор
Јулијана Николова

Носител на набавка,
**МАР-САЖ ТАШКО" ДООЕЛ**
Управител,
Вангелица Качакова

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=3x4 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Вид на корици** | **Единица мерка** | **Количина** | **Ед.цена без ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ** | **ДДВ** |
| 1 | **За Посебните планови за стопанисување со шуми – Тврд повез = 1 Комплет содржи:**<br>- коричење во тврд повез со формат А4, зелено книговезачко платно,<br>-лепенка од 2,5 мм,<br>- секоја основа се коричи во 5 примероци од кои 3 броја се книги, а 2 броја корици со џебови за карти,<br>- на предната корица од книгите и кориците за карти со златна фолија да бидат втиснати основните податоци на посебниот план согласно барањето на нарачателот, односно: име на јавното претпријатие; име на подружницата; име на шумскостопанската единица со период на важност на истата; и име на секторот кој ја изработил,<br>- на страничната корица од книгите и кориците за карти со златна фолија да бидат втиснат и основните податоци на посебниот план согласно барањето на изработувачот, односно: име на шумскостопанската единица,<br>- книгите да имаат пантлика и капитал. | 30 | 1 комплет | **2.117,00** | **63.510,00** | **11431,80** |
| 2 | **За Посебните планови за стопанисување со шуми – Мек повез = 1 Комплет содржи:**<br>- коричење во мек повез со формат А4,<br>- секоја основа се коричи во 4 примероци коричена со 350 гр конздрук, предната страна од корицата да биде печатена во колор. | 30 | 1 комплет | **400,00** | **12.000,00** | **2160,00** |
| 3 | **За (Анекс) Измени и дополнувања на Посебните ловностопански основи - Мекповез = 1 Комплет содржи:**<br>- коричење во мек повез со формат А4,<br>- секој Анекс се коричи во 3 примероци коричена со 350 гр конздрук, предната страна од корицата да биде печатена во колор | 10 | 1 комплет | **400,00** | **4.000,00** | **720,00** |
| 4 | **За Програми за стопанисување со шуми – Мек повез = 1 Комплет содржи:**<br>- коричење во мек повез со формат А4,<br>- секоја основа се коричи во 3 примероци коричена со 350 гр конздрук, предната страна од корицата да биде печатена во колор | 5 | 1 комплет | **400,00** | **2.000,00** | **360,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | **За Програми за стопанисување со шуми – Тврд повез = 1 Комплет содржи:**<br>**-** коричење во тврд повез со формат А4,<br>- секоја основа се коричи во 3 примероци коричена со 350 гр конздрук, предната страна од корицата да биде печатена во колор – зелена боја. | 5 | 1 комплет | **1.806,00** | **9.030,00** | **1625,40** |
| 6 | **За Посебните ловностопански основи – Тврд повез = 1 Комплет содржи:**<br>- коричење во тврд повез,<br>- темно сино книговезачко платно согласно барањето на нарачателот,<br>- на лепенка од 2,5мм,<br>- секоја основа се коричи во 3 примероци од коис ите 3 се книги со корици со џебови за карти,<br>- на предната корица треба да биде втиснати со сребрена фолија основните податоци за посебната ловностопанска основа согласно барањето на нарачателот, како што се: грб на РСМ;Република Северна Македонија; Министерство за шумарство и водостопанство; број и име на посебната ловностопанска основа со период на важност на истата; и место, месец и година на изработка,<br>- книгите да имаат пантлика и капитал. | 50 | 1 комплет | **2.193,00** | **109.650,00** | **19737,00** |
| 7 | **За изработка на пластифицирани карти на ШСЕ = 1 Комплет содржи:**<br>- преглед на карта на шумско-стопански единици во Република Северна Македонија со размер 1:300.000, | 20 | 1 комплет | **71,00** | **1.420,00** | **255,00** |
| 8 | **За изработка на пластифицирани карти на шумскостопанска единица = 1 Комплет содржи:**<br>Џебна карта за шумско-стопански единици во Република Северна Македонија со размер 1:20.000. во еден комплет има 7 (седум) карти со димензии помали и над 1 м2 | 30 | 1 комплет | **71,00** | **2.130,00** | **383,40** |
| 9 | **Печатење на карнетки за високостеблени и нискостеблени насади со вкоричување**<br>А5 формат, 80 грамска бела хартија, корица 300 грамска Кундздрук со колор печат, 80 листа со нумерирани страни.<br>Карнетките се печатат во 2 типа<br>За нискостеблени 250 примероци<br>За високостеблени насади 250 примероци | 100 примероци | 1 комплет | **19,00** | **1.900,00** | **342,00** |

***Вкупна цена на листата без ДДВ*** **= 205.640,00**
***Со зборови:*** двестотинипетилјадишестотиничетириесет денари.